**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ПРАКТИЧНА НАСТАВА*

**за III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***

***техничар за трговија и маркетинг***

**Скопје, мај 2002 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

## 1.2. Образовен профил и група струки

1.2.1. Образовен профил: техничар за трговија и маркетинг
1.2.2. Група струки: Економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Практична обука

## 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 216 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *практична настава,* е ученикот да стекне знаења, умеења и практични вештини од областа на надворешната трговија и надворешно трговското работење, управувањето со маркетинг активностите и пазарното познавање на стоките со што ќе се овозможи негово практично оспособување за вршење на работи и работни задачи карактеристични за образовниот профил од трговска струка.

Од општата цел на наставата по предметот *практична настава,* произлегуваат следниве посредни цели:

- ученикот да симулира основање на трговско друштво кое врши надворешно трговска дејност (ученичка компанија);
- да ги определува специфичностите на надворешно трговската дејност (организација и услови на работење, техничка опременост, кадри и слично);
- да ги применува симболите на ЕАН класификацијата;
- да користи и составува номенклатура на производи;
- да врши активности, пополнува и изготвува документација во врска со извозните работи;
- да врши активности, пополнува и изготвува документација во врска со увозните работи;
- да проследува превозни тарифи и пополнува документи во меѓународниот транспорт на стоката;
- да комплетира документација за меѓународна шпедиција;
- да проследува и пополнува документи за осигурување на стоката во меѓународниот транспорт;
- да извршува активности во врска со истражувањето на пазарот;
- да ја применува постапката за сегментирање на пазарот, користејќи ги основните критериуми и модели за сегментација на пазарот;
- да го изработува планот на маркетинг;
- да врши анализа на трговскиот и производниот асортиман на стоките;
- да изготвува документи за ставање на стоките во промет;
- да изготвува контролен лист на производ и да врши проверка на идентификационен број на некој производ во ЕАН класификација;
- да ги определи карактеристиките, класификацијата и манипулацијата со различните видови горива;

- да ги одредува карактеристиките, манипулацијата и примената на производите од металната, нематална и хемиска индустрија;
- да го согледа значењето на тимот и тимската работа за успех во извршувањето на работните задачи од доменот на струката.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *практична настава*, односно за постигнување на поставените цели, потребни се претходни знаења стекнати од наставните предмети *трговија и трговско работење за III година, маркетинг и маркетинг менаџмент за III година, пазарно познавање на стоките за III година и основи на правото за II година.*

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели**<br>*Ученикот:* | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **I ОСНОВАЊЕ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА НАДВОРЕШНО Ѐ ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ (УЧЕНИЧКА КОМПАНИЈА)** | **12** | Да симулира постапка за основање на трговско друштво кое ќе врши трговска дејност Ѐ ученичка компанија (донесување на одлука за основање);<br>- да врши избор на фирма, седиште и дејност на трговското друштво (надворешно - трговска дејност Ѐ извоз/увоз); | Се поттикнува симулација на основање на трговско друштво кое ќе врши надворешно Ѐ трговска дејност со цел учениците да реализираат практични задачи (симулација на реални ситуации) од извозното и увозното работење, од меѓународниот транспорт, шпедиција и | *1. Основи на правото за II година*<br>Тематска целина:<br>- Форми на трговски друштва;<br>- Белези на трговски друштва;<br>- Трговски регистар и постапка за упис.<br><br>*2. Практична настава за* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја применува постапката на упис на трговското друштво во трговскиот регистар;<br>- да врши избор на органи на управување и раководење со трговското друштво кое врши трговска дејност;<br>- да организира служба за надворешно Ђ трговско работење во трговското друштво (ученичката компанија);<br>- да ги применува начините на обезбедување на финансиски средства за основање на трговското друштво кое врши трговска дејност. | осигурување на стоката од меѓународниот транспорт. | *II година за асистент за трговија и маркетинг*<br>Тематска целина:<br>- Општи аспекти на трговија и трговско работење. |
| **II НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА И НАДВОРЕШНО ТРГОВСКИ РАБОТИ** | **12** | да посети трговско друштво кое врши надворешно трговска дејност со цел да воочи одредени специфичности на надворешно трговската дејност (организација и услови на работење, техничка опременост, кадри и сл. односно да ги утврди сличностите и разликите меѓу организацијата и работењето на трговско друштво кое врши внатрешна | Се користи Интернет и други аудиовизуелни средства за стекнување сознанија за состојбите на пазарот за одредени производи за цените, за количините кои се нудат и слично.<br><br>Се симулира организирање на техничка опременост и обезбедување кадри за | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Надворешна трговија и надворешно трговски работи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | трговија и друштво кое врши надворешна трговија);<br>- да ги утврди видовите надворешно трговски работи кои може да ги врши едно трговско друштво;<br>- да проследува документација која треба да се достави до надлежните органи и институции за правните лица овластени за работа со странство (трговски друштва кои вршат надворешно Ђ трговски работи). | вршење на надворешно трговско работење.<br><br>Се демонстрира, појаснува и се организраат практични вежби за составување потребна документација за доставување до надлежни органи и институции од страна трговските кои вршат надворешно трговска дејност. | |
| **III ВИДОВИ ПРОИЗВОДИ** | **6** | да врши избор на критериум за класификација;<br>- да изврши класификација на одредена група производи според зададена карактеристика или според потекло;<br>- да ги примени симболите на ЕАН класификацијата;<br>- да користи номенклатура на производи;<br>- да состави номенклатура на производи; | Се презентира листа на стоки што овозможува различни класификации.<br><br>Се организираат учениците да работат во групи или тандеми при изработка на класификација и номенклатура.<br><br>Се разменуваат изготвените листи ,се дискутира и се анализираат. | *1. Пазарано йознавање на сшокише за III година*<br>Тематска целина:<br>- Видови производи. |
| **IV ИЗВОЗНИ РАБОТИ** | **36** | да симулира воспоставување на контакт и водење на трговски | Се симулираат контакти и водење трговски преговори | *1. Трговија и шрговско рабошење за III година* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | преговори со соодветен увозник;<br>- да составува барање на понуда, понуда и порачка;<br>- да изработува договор за продажба (односно за извоз на стоки и услуги);<br>- да отвора предмет;<br>- да изработува роковник;<br>- да определи извозен статус на стоката;<br>- да пријави извозна работа;<br>- да определува начини на пакување и обележување на стоката за меѓународен транспорт;<br>- да ја обезбедува потребната документација за вршење извоз на стоките;<br>- да комплетира и проследува содржина на транспортни документи (меѓународен товарен, транспортна диспозиција и сл.) кои се неопходни за реализирање на извозот;<br>- да комплетира и проследува содржина на документи за осигурување на стоката (полиса | со соодветен увозник.<br><br>Се демонстрира составување на понуда, порачка, се изработува договор за извоз на стоки и услуги.<br><br>Се појаснува отварање на предмет и роковник.<br>Се демонстрира пакување и обележување на стоката за меѓународен транспорт.<br><br>Се координираат практични вежби за проследување и комплетирање на документација за вршење извоз на стоки.<br><br>Се поттикнува симулација за наплата на цена на извезената стока.<br><br>Се симулира ликвидирање на предмет во врска со извозот.<br><br>Се организира посета на трговско друштво кое врши | *(задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Извозни работи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | за осигурување, цертификат за осигурување и др.);<br>- да пополнува складишница;<br>- да проследува содржина на цармнски документи (царински декларација и др.) при извозот на стоките;<br>- да изготвува и доставува фактура;<br>- да проследува уверенија и гаранции за стоката што се извезува;<br>- да симулира наплата на цената на извезената стока и ликвидирање на обврските кон другите учесници во извозната работа;<br>- да го ликвидира и чува предметот во врска со извозната работа;<br>- да посетува трговско друштво кое врши извозни работи за да се проследат сите горенаведени активности и задачи во реалноста. | извоз. | |
| **V УВОЗНИ РАБОТИ** | **36** | да симулира воспоставување на контакт и водење на трговски преговори со соодветен извозник; | Се користи Интернет за стекнување сознанија за состојбите на пазарот. | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да отвора предмет;<br>- да изработува роковник;<br>- да определи увозен статус на стоката;<br>- да пријави извозна работа;<br>- да симулира издавање на диспозиција на шпедитерот;<br>- да симулира преземање на стоката;<br>- да изготвува рекламации во врска со увезената стока;<br>- да пополнува документација за увозно царинење на стоката;<br>- да симулира ликвидирање на обврските кон извозникот и другите учесници во увозната работа;<br>- да го ликвидира и чува предметот во врска со увозната работа;<br>- да посетува трговско друштво кое врши увозни работи за да се проследат сите горенаведени активности и задачи во реалноста. | Се симулира воспоставување на контакт со извозникот.<br><br>Се симулираат трговски преговори (преку игра на улоги).<br><br>Се демонстрира отварање на предмет и роковник.<br><br>Се симулира пријавување на увозна работа, издавање на диспозиција на шпедитерот.<br><br>Се појаснуваат и организираат практични вежби за изготвување на рекламации со увезената стока, документи за увозно царинење на стоката, ликвидирање на обврските кон извозникот.<br><br>Се прганизира посета на трговско друштво кое врши увоз на стока. | - Увозни работи. |
| **VI МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ НА** | **24** | да проследува различни видови превозни тарифи со цел даја | Се користи Интернет за стекнување на сознанија за | *1. Трговија и трговско работење за III година* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СТОКАТА** | | процени економската оправданост на избраниот вид на транспорт;<br>- да пополнува документи во меѓународниот превоз;<br>- да ги споредува посебните царински документи Ђ карнети (ТИР, АТА и Е.С.Ц. карнети) во меѓународниот превоз на стоката;<br>- да посетува трговско друштво кое врши меѓународен транспорт на стока. | превозните тарифи кои ги нудат трговските друштва за меѓународен транспорт и вршат избор на економски најоправдани превозни тарифи за соодветниот вид на транспорт.<br><br>Се организираат практични вежби за пополнување на документи во меѓународниот транспорт (транспортни документи, царински документи, карнети ТИР, АТА, Е.С.Ц.)<br><br>Се организира посета на трговско друштво за меѓународен транспорт на стока. | *(задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Меѓународен транспорт на стоката. |
| **VII МЕЃУНАРОДНА ШПЕДИЦИЈА** | **6** | да посети шедитерско друштво со цел да проследи и комплетира документација за меѓународна шпедиција. | Се организира посета на шпедитерско друштво со цел да се проследи документацијата за меѓнародна шпедиција. | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Меѓународна шпедиција |
| **VIII ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКАТА ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСПОРТ** | **12** | да проследува и пополнува документи за транспортно осигурување (полиса за осигурување, цертификат за | Се организираат практични вежби за пополнување на документи за транспортно осигурување (полиса за | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | осигурување, лист за покритие, потврда за склучен договор за осигурување);<br>- да посети осигурително друштво. | осигурување, цертификат за осигурување, лист за покритие, потврда за склучен договор за осигурување).<br><br>Се организира посета на друштво за осигурување на стока. | - Осигурување на стока во меѓународен транспорт. |
| **IX ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ** | **12** | да симулира постапка на истражување на меѓународниот пазар за одредени видови на производи;<br>- да врши анализа на понудата и побарувачката на одредени видови на производи на меѓународниот пазар (користејќи податоци од Интернет и соодветни публикации);<br>- да го постави проблемот на истражување на пазарот;<br>- да изработи проект за истражување на пазарот;<br>- да изготви анкетен прашалник;<br>- да го спроведе истражувањето на пазарот на одредени производи;<br>- да врши обработка и анализа на | Се организира, координира и контролира работа во групи со користење на Интернет да се добијат сознанија за понудата и побарувачката на одреден вид на производи на меѓународниот пазар и се организира презентирање на сознанијата.<br><br>Се демонстрираат и презентираат публикации со податоци за движењето на потрошувачката на одредени видови производи во нашата земја.<br><br>Се води насочена дискусија за да се дефинира определен | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжitelna)*<br>Тематска целина:<br>- Истражување на пазарот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | податоците од истражувањето;<br>- да ги анализира проблемите во работењето и да понуди алтернативни решенија;<br>- да врши презентација на проектот за истражување на пазарот (со примена на визуелни и аудиовизуелни средства). | проблем кој понатаму ќе биде предмет на маркетинг истражување.<br><br>Се организира, координира и контролира изработка на истражувачки проект и се распоредуваат задачи за учениците во врска со реализацијата на проектот.<br><br>Се координираат активностите околу спроведување на истражувањето на пазарот на одредени производи, како и анализа на прибраните податоци, односно се формира и презентира мислење и препорака за понатамошната активност.<br><br>Се организира посета на агенција која врши истражување на пазарот и се проследуваат конкретни истражувачки проекти од практиката. | |
| **X СЕГМЕНТИРАЊЕ И** | **6** | да врши проценка на | Се организира, координира | *1. Трговија и трговско* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СЕЛЕКЦИОНИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ** | | побарувачката на пазарот (пазарен потенцијал);<br>- да ја применува постапката за сегментирање на пазарот, користејќи ги основните критериуми и модели за сегментација на пазарот;<br>- да врши селекционирање на пазарните сегменти. | и контролира работа во групи за да се примени постапка за сегментирање на пазарот (за избраните производи од ученичката компанија), користејки ги основните критериуми и модели за сегментирање на пазарот.Учениците ги презентираат своите согледувања и се врши избор на соодветен пазарен сегмент. | *работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Сегментирање и селекционирање на пазарот. |
| **XI ПЛАНИРАЊЕ НА МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ** | **6** | да проследува примери на план на маркетинг од практиката;<br>- да го изработува планот на маркетинг. | Се демонстрира конкретен пример на план на маркетинг од практиката.<br><br>Се организира, координира и контролира практични вежби за изработка на план на маркетинг активностите на ученичката компанија. | *1. Трговија и трговско работење за III година (задолжителна)*<br>Тематска целина:<br>- Планирање на маркетинг активностите. |
| **XII АСОРТИМАН НА СТОКИТЕ** | **6** | да врши анализа на трговски и производен асортиман на производите;<br>- да го проследува асортиманот на производите на други пазари користејќи Интернет;<br>- да ги анализира податоците и да | Се презентираат повеќе листи на трговски и производен асортиман на различни стоки.<br><br>Се дискутира по различните асортимани на производите. | *1. Пазарано познавање на стоките за III година*<br>Тематска целина:<br>- Асортиман на стоките. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | понуди супституциони решенија. | Се симулираат различни ситуации за да се прикажат можностите за управување со производот. | |
| **XIII ПАЗАРНИ ОСОБИНИ НА СТОКИТЕ** | **6** | да применува постапка за изготвување на документи за ставање на стоките во промет;<br>- да симулира постапка при рекламација на производ на основа на документи ( погрешно декларирана карактеристика, недекларирана грешка и слично);<br>- да изготви контролен лист на производ;<br>- да провери (по шема) идентификационен број на некој производ во ЕАН класификација. | Се разделуваат делумно пополнети и непополнети документи за ставање на стоките во промет и се даваат потребни информации за да се комплетираат .<br><br>Се анализираат изготвените документи, се укажува на грешките и се корегираат истите.<br><br>Се објаснува начинот на пресметка на идентификациониот број во ЕАН класификацијата. | *1. Пазарано познавање на стоките за III година*<br>Тематска целина:<br>- Пазарни особини на стоките. |
| **XIV ЕНЕРГИЈА** | **6** | да повтори за декларираните карактеристики на горивата;<br>- да врши споредување меѓу различни горива;<br>- да ги класифицира горивата според потеклото, степенот на обработка, топлотната вредност и условите на примена со примена на табеларен или шематски | Се презентираат шеми на карактеристики на горива, поделба на горивата според различни критериуми и сл. како и слики на различни видови амбалажа за горива кои може да бидат изработени од учениците индивидуално или во групи.. | *1. Пазарано познавање на стоките за III година*<br>Тематска целина:<br>- Енергија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | приказ;<br>- да определи амбалажа, транспорт и складирање за секој вид гориво;<br>- да ги елаборира еколошките аспекти за секој вид гориво;<br>- да користи прирачни средства за заштита на луѓето и околината од опасност што може да настане при транспорт и складирање. | Се препорачува литература од област на екологија што ги третира прашањата на загадување на околината, видео ленти со слична содржина, слики и т.н.. | |
| **XV ПРОИЗВОДИ НА НЕМЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА** | **12** | да состави листа на неметални производи според намена;<br>- да изготви класификација на врзивни средства според услови на примена, степен на обработка или амбалажа;<br>- да елаборира за секое врзивно средство;<br>- да врши анализа на понуда на цемент (користејќи интернет);<br>- да користи класификација на огнеотпорни материјали изготвена според суровински состав, огнеотпорност и примена;<br>- да определи квалитет на керамички градежни материјали со прирачни расположиви средства;<br>- да симулира состојба во која ќе ги примени трговските обичаи за | Се презентира шема на класификација на неметални производи според намената.<br><br>Се обезбедуваат примероци од вар со различен квалитет.<br><br>Се дискутира за понудите на неметални стоки на различни пазари, се споредува со нашиот пазар и се предлагаат и разгледуваат добрите и лоши страни на различни супституции.<br><br>Се објаснува промена на стандард на некоја стока и причините и последиците што произлегле од неа. | *1. Пазарано познавање на стоките за III година*<br>Тематска целина:<br>- Производи од неметална индустрија;<br>- Видови производи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | неметалните производи;<br><br>- да посети саем на неметални производи;<br>- да врши анализа на понуда на поедини неметални производи (користејќи сознанија од саемот)- работа во тимови;<br>- да ги елаборира резултатите од анализата и да ги презентира истовремено нудејќи супституциони решенија. | Се подготвуваат учениците за посета на саем, при што им се посочува на што да обрнат посебно внимание. Се организираат во посебни групи и секоја има свои задачи. Се анализираат впечатоците од посетата на саемот. | |
| **XVI ПРОИЗВОДИ НА МЕТАЛУРГИЈА** | **6** | да ја користи декларацијата за да ги определи својствата на металниот производ;<br>- да определи услови за складирање и транспорт за да се сочува квалитетот на производот;<br>- да ги определи својствата на производот од челик на база на ознака според стандард;<br>- да состави класификација на легури според процентен состав и намена;<br>- да врши пресметка за определување на финост на благородни метали во различни системи со можност за | Се организираат учениците да работат во групи, при што секоја група добива различна декларација, според која треба да ги определи својствата на металниот производ да му определи амбалажа и складирање.<br><br>Се определуваат својствата на различни челични производи на база на ознаките на ИСО стандардите.<br><br>Се презентираат збирки на руди, метали и легури и се | *1. Пазарано йознавање на сшокише за III година*<br>Тематска целина:<br>- Призводи на метална индустрија;<br>- Видови производи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | споредување;<br>- да елаборира различни обработки на металните производи (површинска, термичка). | објаснува нивната намена.<br><br>Се разгледуваат примероци на метални стоки што се различно обработени. | |
| **XVII ПРОИЗВОДИ НА ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА** | **12** | да определи тип на соединение (киселина, база, сол) со употрба на индикатор;<br>- да ги испита основните хемиски својства на базните хемикалии:<br>а. киселини($Х_2СО_4$, $ХНО_3$, ХЦл )<br>б. бази(НаОХ)<br>ц. соли(НаЦл, $На_2ЦО_3$);<br>- да посети хемиска лабораторија за определување на квалитет на производи;<br>- да примени постапки заштита на луѓе и околина од дејство на хемиска стока;<br>- да класифицира ѓубрива според состав и намена;<br>- да состави попис на пестициди според намена, апликација и еколошки аспекти;<br>- да определува термопластичност и термостабилност на пластични маси;<br>- да изврши испитување (Интернет) за асортиман, | Се демонстрира употреба на некои основни колориметриски идентикатори (лакмус, метилоранж, фенолфталеин).<br><br>Се изведуваат едноставни експерименти со киселини, бази и соли за да се согледаат нивните својства.<br><br>Се посетува некоја хемиска лабораторија за определување на квалитет без да се навлегува во методите што се применуваат туку да се согледаат принципите на работа. Се замолува стручно лице од лабораторијата да ја објасни одговорноста при работењето и по можност да изнесе случај од пракса за последици од грешки (макар и случајни). | *1. Пазарано познавање на стоките за III година*<br>Тематска целина:<br>- Производи од хемиска индустрија;<br>- Видови производи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | класификација, управување со производ, декларација, ознака за квалитет, еколошки аспекти и цена на хартија на различни пазари;<br>- да изработи елаборат и да го презентира (од различни аспекти) за супституција на дрво во производство на хартија. | Се посочува литература од која може да се согледаат ѓубривата и пестицидите како неопходност за да се обезбеди доволно храна, но и последиците на неконтролирано нивно употребување.<br><br>Се демонстрира својство на термостабилност и термопластичност.<br><br>Се презентира класификација на хартија со различна намена, потекло и степен на обработка и се објаснуваат карактеристиките на секој вид.<br><br>Се дискутираат еколошките аспекти на искористувањето на шумите.<br><br>Се дискутира и анализира елаборатот за супституција на дрвото во производството на хартија. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по наставниот предмет *практична настава*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи,* ќе се користат: водење на наочена дискусија, демонстрација, играње на улоги решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, независни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот:* организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува на дискусии, објаснува, поставува прашања, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *практична настава,* се изведува преку практична и стручно Ђ теоретска настава во училница (при што класот се дели на групи од најмалку 15 ученици) каде што учениците ќе стекнуваат пред се психомоторни, но и когнитивни и афективни компетенции, организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници Ђ стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето.

Се препорачува наставата по наставниот предмет *практична настава* да се реализира во еден работен ден со шест наставни часови.

Образовните активности по предметот *практична настава,* се организирани во две полугодија, четири тримесечија и неделен распоред на часовите.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *практична настава,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорекордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, шеми и сл. согласно Нормативот.

Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку континуирано следење во текот на учебната година,усно и писмено, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година, учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да поседува способност за професионално и педагошко самообразување; да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува

способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес; да е комуникативен и креативен.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Завршени студии по економија, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**

За реализација на Наставната програма по *практична настава*, ќе се користи училница и кабинет, опремен со компјутери и други наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај, 2002 година.

**7.2. Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, раководител, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Марија Поп Георгиевска, наставник, член, ДСУ вЦветан Димовг - Скопје
3. Ацо Ѓоргиевски, наставник, член, ДСУ вЦветан Димовг - Скопје
4. Весна Кутревска, референт, член, АД ПКБ - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 1.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за ***практична настава***, ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение број